РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
РАЈКО ЖИНЗИФОВ
REPUBLIKA SJEVERNA MAKEDONIJA
OPŠTINSKA OSNOVNA ŠKOLA
RAJKO ŽINZIFOV
Бр. / Br. 02-83/1
20.03 2023 год. / god
Горно Оризари-Велес / Gornje Orizare-Veles

**ООУ„РАЈКО ЖИНЗИФОВ“ Г.ОРИЗАРИ, ВЕЛЕС**

# Годишен план за спречување на корупцијата

**2023**

Март, 2023

Scanned with CamScanner

Согласно Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 а во врска со задолжението од Владата на Република Северна Македонија бр. 40-2929/1 од 02.03.2021 година, за изготвување на годишен План за спречување на корупцијата, ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес го изготви следниот:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО 2023 ГОДИНА

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите во системот, ефикасно користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности.

**Корупција**: Законот за спречување судир на интереси ја дефинира **корупцијата** како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг“.Притоа, под овој поим се опфатени и поимите:

- *пасивна корупција* – намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- *активна корупција* - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Јавен интерес**: иако не постои единствена законска формулација застапена во сите прописи, прифатеното толкување е дека под јавен интерес се подразбираат сите права и обврски на граѓаните и правните лица во државата кои како такви се утврдени и гарантирани со уставот и законите во една држава како и ратификуваните меѓународни договори. Притоа, јавниот интерес, онака како што е дефиниран во Законот за спречување судир на интереси, претставува „заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна

Scanned with CamScanner

Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата".

**Приватен интерес**: материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овластувања и должности.

**Судир на интереси**: состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Ризик од корупција**: кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивиот на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет**: законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба кај граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

**Непотизам**: во најширока смисла, се дефинира како „влијание на семејните и роднинските врски при донесување на одлуки за вработување и склучување на јавни (управни) договори (најчесто во постапките за јавни набавки и издавање на дозволи)"

**Клиентелизам**: давање привилегии или придобивки на клиентот во замена за услуги, придобивки или во политички контекст, гласови.

**Кронизам**: најчесто опфаќа ситуации во кои се претпочитаат пријатели или соработници, без оглед на тоа колку се соодветни. Најголема веројатност за

Scanned with CamScanner

појава на кронизам има во контекст на именувања, но може да се појави и во која било инстанца кога се практикуваат дискреционите права.

**Подрачја осетливи на корупција во ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес се:**

-Постапки за селекција, избор и вработување
-Постапки за спроведување на јавните набавки
-Постапки во финансиското работење на училиштето

**Цели на годишниот акциски план за антикорупција**

Годишниот акциски план за антикорупција се фокусира на реализација на две цели преку кои ќе се намали системската осетливост во ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес.

1.Зголемување на транспарентноста и одговорноста на вработените кон подобрување на ефикасноста во работењето со цел превенирање и спречување на корупцијата во подрачјата осетливи на корупција

2.Воспоставување на механизми во рамките на училиштето кои ја ограничуваат и спречуваат можноста за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист.

За ефективна и ефикасна борба со корупција, треба да се имаат и ефикасни и ефективни механизми за управување со процесот на следење и мониторинг на состојбата со корупцијата, како и за состојбите во однос на судир на интереси, интегритет и примање подароци, како аспекти кои се во директна врска со корупцијата.

Scanned with CamScanner

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

| Вработување, селекција и избор при вработување<br><br>Намалување на ризикот за корупција при вработување во однос на имплементација на политиките за управување со човечките ресурси и почитување на внатрешни процедури со почитување на стандардите за квалитет, оптимизација на извршувањето на работните задачи на вработените | | | |
|---|---|---|---|
| Ред бр. | Активност | Носител на активност | Временски рок |
| 1 | Почитување на подзаконски акти по однос на спроведување на интервјуто и почитување на утврдените критериуми за бодирање при избор на кандидати за наставници | -Комисија задолжена за проверка на познавањето на знаењето на кандидатите<br>-Училишен одбор<br>-Директор | Континуирано |

| Контрола и надзор на јавни набавки<br><br>Трошењето на буџетските средства е најчест извор на корупциски закани кои се елиминираат со стандардизирање на процесите за јавни набавки | | | |
|---|---|---|---|
| Ред бр. | Активност | Носител на активност | Временски рок |
| 2 | Почитување на процедури за јавните набавки | -Комисија за јавни набавки<br>-Директор<br>-Секретар | Континуирано |

| Финансиско работење<br><br>Зголемување на транспарентноста преку промовирање на користењето на системот за отворени финансии | | | |
|---|---|---|---|
| Ред бр. | Активност | Носител на активност | Временски рок |
| 3 | Унапредено и транспарентно Финансиско-сметководствено работење | -Комисија за јавни набавки<br>-Директор<br>-Секретар<br>-Сметководител | Континуирано |

Scanned with CamScanner

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА**

- Почитување на Уставот и законите
- Почитување на политиката на интегритет
- Обезбедување на транспарентност и отчетност за работењето на училиштето
- Транспарентност на финасиското работење на училиштето преку достапност на финасиските извештаи
- Преземање дисциплински мерки против лицата кои се однесуваат коруптивно, недозволиво незаконско и неетичко
- Слободен пристап до информации од јавен карактер
- Задолжително пријавување на сомнителни случаи
- Почитување на Етичките кодекси

Годишниот план за спречување корупција за 2023 година ќе важи за сите вработени во ООУ„Рајко Жинзифов" Г.Оризари, Велес истиот ќе биде објавен на Веб страната на училиштето.

**Бр.02-83/1**
**20.03.2023 година**

Г.Оризари,Велес
20.03.2023

Директор
Тања Николова